Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 431/2023

Дата: 12 -04- 2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 11/9, м.в. „Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци.**
Предвидената моќност на фотоволтаичните електрани е до 10 MW.
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 14,66 ха.
- Согласно основните цели и одредби од Просторниот план: "Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y02823** се составен дел на Решението.
3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 225/20).
4. Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 11/9, м.в. „Големо Брдо“, КО Арматуш, Општина Новаци содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина (“Службен весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 48616 од 11.01.2023 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 11/9, м.в. „Големо Брдо", КО Арматуш, Општина Новаци.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 11/9, м.в. „Големо Брдо", КО Арматуш, Општина Новаци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 431/2023 од 01.03.2023 година.

**Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 11/9, м.в. „Големо Брдо", КО Арматуш, Општина Новаци претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Дејан Гаџовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска